И7196





# Критиката на премиерот

Ставот кон некои интелектуалци во Македонија, соопштен во критиката "Кои се "независните" интелектуалци загрижени за државата" (28.10.2000) на премиерот Љупчо Георгиевски е амбивалентен. Еднаш вели дека тоа и не биле некои автентични интелектуалци, затоа што не се однесувале според гласот на совеста (автономно убедување), туку според гласот на модата. Освен тоа, тие биле и самоповикани интелектуалци, а не вистински: "стана модерно поединци или групи, повикувајќи дека се интелектуалци да ме прозиваат мене лично". На друго место, во истата критика, премиерот го ублажува својот категорички суд кога дозволува да бидат делумни, но не и целосни: "немам намера "на групата" да ѝ го одземам епитетот интелектуалци"; "не можам да не ѝ го оспорам епитетот независни". На трето место соопштува дека тој не бил убеден оти се во прашање "евроатлански интелектуалци". Таа квалификација дозволува да се разбере, според формулата на филозофот Барух Спиноза (omnis determinatio est negatio = секое одредување е негација), дека сепак станува збор за интелектуалци, иако од - локален тип. Сега резимирам: еден делумен интелектуалец не е неинтелектуалец каков што е секој помоден интелектуалец; еден локален интелектуалец е многу повеќе од делумен, иако не е "евроатлантски". Тоа дозволува да се каже дека сите три квалификации на премиерот Љупчо Георгиевски се во евидентен спор меѓу себеси. Не е препорачливо да се спори со квалификации што се во спор, затоа што се спорни. Може да се почне спор дури тогаш кога ќе се договорат која е, од тие три квалификации, во - право. Од таква причина нема да се занимавам со опитката на премиерот по однос на некои македонски интелектуалци како "група" или "екипа".

Нема услови да се занимавам и со инсинуации и омаловажувања по однос на "помодните", "делумните" или "локалните" интелектуалци од Македонија. Ќе покажам само како се инсунуира и како се омаловажува.

Никој од тие интелектуалци, со кои се расправа премиерот Георгиевски, не се нарекол себеси "независен", затоа што е нападно и претенциозно тоа, пак според формулата на Спиноза. Кога премиерот им додава таков "епитет" за да може, потоа, да докажува дека ни оддалеку не биле независни ("да се биде независен интелектуалец треба да се има малку подолгорочен доказ"), тој всушност самиот маскира интелектуалци што потоа ги демаскира. Следува дека: тоа воопшто не се маскирани луѓе што треба да се демаскираат како безгрижни и дволични по однос на "државата" туку, напротив, луѓе од углед и авторитет . Тие, по правило, ги нервираат тие што важат за интелектуални аутсајдери. Нема аутсајдер, од друга страна, што не копнее да стане инсајдер. Тоа е толку човечки и природно. Се раѓа и постои таков копнеж затоа што тешко се поднесува човек себеси како аутсајдер. Сосема е разбирливо дека некој тешко може да поднесува други кога не може да се поднесува себеси. Таква е тегобната "ситуација" на Фјодор Павлович Карамазов. Нема да зборувам за тоа, зашто му е познато на премиерот. По струка тој е дипломиран професор по споредбена литература.

Да му се рече на еден сликар дека не е сликар, како на Владимир Георгиевски, кој се класира меѓу "неколку државни писатели и сликари кои својот максимум го постигнаа во комунистичка Југославија, а знаеме кој во тоа време можеше да биде познат", значи да му се рече, истовремено, на Васе Манчев (пратеник на ВМРО-ДПМНЕ), на пример, дека: а) тој никогаш не бил државен писател "во комунистичка Југославија" иако стекнал државни награди за литература; б) дека никогаш не функционирал како комунистички "апаратчик" што давал свои придонеси на републички или на федерални партиски конгреси; в) дека никогаш не можел да стане "познат", а станал и како "познат" дошол до пратеничката листа на ВМРО-ДПМНЕ, а не како анонимус. Бидејќи тоа му се вели само на сликарот Владимир Георгиевски, но не и на писателот Васе Манчев, следува дека тоа што се омаловажува кај сликарот се величи кај писателот. Кога некој постапува така, дозволено е да се рече дека постапува самоволно и произволно. Самоволноста и произволноста не се правда и вистина. Тие се неправда и измама. Но и тоа не е сè. Се кажува сето тоа од висок, небески амвон на функцијата премиер на држава; не од ниско земно сопче на ликовен критичар како Владимир Величковски, на пример, или некогашниот Љубен Пауновски, сегашен министер за војска. Едно е да суди, за ликовни дела, врв (=премиер) на државен апарат, а сосема друго упатен и известен човек во ликовната уметност, кој дал јавни докази дека може да го прави тоа. Кога суди персоналитетот на државата во областа на духот, тоа се нарекува "полиција на духот". Кога суди известено и стручно лице во таа област, тоа се нарекува ликовна критика. Токму против тоа се бунеше, некогаш, сегашниот премиер. Велеше дека тоа било ждановизам. Тоа што некогаш го велеше сега го заборава и затоа го - практикува.

Должен сум да објаснам зошто нема да ги претресувам, исцрпно и систематски, сите дисквалификации и омаловажувања изречени за дузина интелектуалци чии имиња не се споменуваат.

Механизмот "омаловажување" систематски го опишав во посебна книга. Таму покажав дека може да се омаловажува само тоа што има фактичка важност; може да се валка и да се оцрнува само тоа што располага со доволна чистота; може да се принижува само тоа што има своја (духовна) вертикала; може да се понижува само тоа што е достојно за почит. Кога е така, вреди правилото на филозофот Сенека. Тој велеше дека не е важно кој омаловажува, валка, оцрнува, принижува и понижува. Важно е кој е тој што поднесува: омаловажување, валкање, оцрнување, принижување и понижување. Подвлекувам: кој поднесува, а не кој нанесува! "Сепак, вие реагирате на тие постапки", со право ќе приговори некој. "Тоа е, веќе, непобитниот доказ дека, на зборови, вие поднесувате, додека на дело - не поднесувате омаловажување". Потсетувам (во врска со мојот гест на "реакција") на една важна суптилизиција. Таа произлезе од размислувањата на филозофот Ферид Мухиќ, кој се позанимава со ефикасноста на формулата на Сенека. Ќе ги парафразирам неговите размислувања. Тој кажа дека во таква, конкретна ситуација, човек е исправен пред следнава дилема: или да го задави тигарот што му се нафрла "однатре", или да му дозволи да го "изеде". Кога човек поднесува омаловажувања и неправди, тој му се препушта на тој "тигар". Кога се соочува и бори со нив, тој помага да надвладеат правдата и вистината. Помага, да се изразам со зборовите на Валентина Божиновска, да се контролира злото и да му се отвора патот на доброто.

Единствена работа што заслужува темелен и систематски претрес во критиката на премиерот Љупчо Георгиевски е опозицијата независни/зависни интелектуалци. Покажав дека писателот Васе Манчев не може да биде независен интелектуалец ако се суди по правда. Има смисла, затоа, само да потсетам: "независноста" не е некоја апсолутна категорија како што мисли премиерот, сосема како што не е ни "зависноста". Човек што се држи на еквидистанца од постојни политички програми (=партии), зависи од таа - еквидистанца. Потребата да не спроведува ничија праксеолошка или аксиолошка програма, туку, напротив, своја, не значи дека: токму тоа е вистинското и доброто. Освен тоа: таквиот човек избира да не избере ниедна од постојните праксеологии или аксиологии. И неизборот е - избор. Меѓутоа: тој што не избира ништо избира сè, истовремено. Тоталниот или тотализиран избор е божја работа, никако "човечка". Оние интелектуалци на кои типува премиерот, сепак се живи луѓе дури и тогаш кога се Евроатланци. Никако бестелесни и бездушни богови што слегле во ВМРО-ДПМНЕ.

АТАНАС ВАНГЕЛОВ